*ВАСИЛ МУКАЕТОВ*

# ШТО Е, ШТО НЕ Е?

## *загатнуваме, погодуваме*

**На**
**Матеј и Калин,**
**моите внучиња**

*Скопје, 2011*

*Библиотека*

**СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

**Поезија за деца и млади**

Уредник:
**Мишо Китановски**

Корица и илустрации:
**Наташа Костовска**

# Да се договориме!

Во книгава децата читатели, ќе бидат активни соработници. Значи, ја правиме заеднички.

И како прво – таа има еден автор што ја започна и приготви за печат.

Второ – имаме тројца сонародници што ни овозможија да ѕирнеме во големото македонско народно творештво. Во дел од тоа огромно духовно богатство – во илјадниците собрани и запишани народни умотворби и гатанки.

Најнапред, големиот запишувач Марко К. Цепенков. Цепенков е најголемиот собирач. Собрал повеќе од 5.000! Запишал „…Кога ќе ги препеев пословиците голема радос и лезет усетуаф“. И уште забележал за децата: „**Што е, Што не е**? Се опитуваат сопрво децата коа си прикажуваат нагодувачки“.

Прочитавме гатанки и од собирачите Д-р Кирил Пенушлиски и Апостол Поп – Јовановски.

Кај има деца што не сакаат гатанки? Дел од нив поместивме во оваа книга. Тие се дадени во изворен облик – како што се запишани и со симболи на јазикот, во времето кога се создавани.

Тоа да не ве збуни – не е печатна или редакциска грешка. И се разбира – со вечната народна мудрост, снаодливост и итрина. И со осмислената поучност и духовитост.

Јас го стихував патот до одговорите – низ нашите современи нешта, преку песна. Одговорите ќе ги допишувате сами.

Тие се секогаш римувани и логично – очекувани. Секоја гатанка – песничка!

Содржината – како и секогаш е на крајот. Таму се и одговорите. Користи ги само за проверка. А јас знам дека нема да ти требаат. Заеднички ќе си ја завршиме книгата. Зошто да не излезе и поучно и забавно. Здодевно – никако.

Што рекол соседот Насте: „Вака побрзо се расте!“

**Здраво!**



## ПЕСНИ СО ПРАШАЛНИЦИ

Сум пишувал песнички
со многу збрки.
И деца и пеперутки - во трки!

Па кога ќе се види
кој кого надвјасува,
со точка крајот се украсува.

Има и песнички во кученца заљубени.
За мачиња, низ соби изгубени.
На крајот сите здивнуваат.
Три точки се запишуваат...

Има и стихови со нешто нервоза.
Не е се само песна. Има и проза.
Некој некому нешто подвикнува!
Извичникот никнува!

Ова што во книгава
го испишуваме, го стихуваме,
Се е нешто загатливо.
За се нешто се прашуваме!
Ќе одгатнуваме.
Одговорите - сами ги допишуваме!

Безброј знаци прашалници,
како цреши на зелени гранки.

Прстот на чело!
Ќе решаваме___________

Знам дека децата
имаат знаење без граници.
Свртете ги трпеливо следниве страници!

## ЧЕТВОРИЦА БРАЌА ВО ЕДНА КУЌА СЕДЕА И НИКОЈПАТ НЕ СЕ ГЛЕДАА?

Се разбира,
Ова не е можно.
Каков би бил тоа род?

Во загаткава,
куќата е плод.
Внатре – братска дружина,
со лушпа опкружена!

И тоа не е се.
Лушпите се – две.

Едната помека
-зелена.
Втората потврда,
повнатре вселена.

Скршена и гледаш:
На четири поделена.
 И секоја вкусна.
За час в' уста!

Оди многу лесно,
со вакви загатки.
Во секој орев
по четири ______________.

## ЕДЕН БРАТ НА ЕДНА НОГА ОРО ИГРАТ?

На една нога игра?
Не е чигра!

Веднаш помош поетска,
Не е ни играчка детска.

Овој брат со тенок врат.
Има тело издолжено,
тенко и продолжено.

Со срце дрвено.
Често облечено,
во црно или црвено.

И не се врти туку така.
Го врти вешта рака.

Баба седи и преди!
Кадела полна.
Било со памук
или со волна!'

Да подвлечеме црта:
Од братот
на една нога што го вртат,
бргу ќе ти подарат
џемперче сплетено.
Затоа е потребно _____________

## ДА ЈЕТ ОРТОМА (ЈАЖЕ) НЕ ЈЕТ ОРТОМА, ДА ЈЕТ МАЧКА, НЕ ЈЕТ МАЧКА И ПАК ИМА НОКТИ?

Гатанкава е малку долга
ама, не сме изненадени.
Трагајќи ќе дојдеме,
до плодови засладени!

Сите деца
што по полиња, лозја, меѓи
ќе прошетаат,
имаат шанса,
на неа да налетаат!

Гаталецот што ортоми и мачки нуди,
сакал да не збуни, да не ве чуди!

Рекол – нокти
и се открил!
Грмушката е со трнчиња боцливи.
Но, децата се трпеливи!
Па, пред да го наполниш
кошничето полно,
гледај да не поминеш болно!

Од мама подарена,
во џем сварена.
Дома дошла гостинка,
појадок за Катинка.
Слатката _________________.

## ПОЛНО РЕШЕТО ЈАЈЦА НА ЌИРАМИДИ?

Творецот на оваа гатанка
од нашето богато
народно наследство,
сигурно немал
астрономско средство!
Имал фантазија и дарба поетска.
Прекрасна метафора,
класична, светска!

Како тоа: Решето бели јајца,
на ќерамиди?
Треба ноќе да се намини!

Кога е ведро и нема облаци.
Над ќерамидите недоброени,
бели точки, распрснати знаци!

Па нашиот гаталец од поетски род,
еве што видел по модриот свод:

Видел огромно - издупчено решето,
со бели јајца, преполнето сето!
На крајот
еве го и одговорот:
-Треперливо вгнезден:
Сводот е всушност _______________.

И гледаш:
-Месецот си језди
Опколен со безброј _________

## ПЕТМИНА БРАЌА ЕДЕН БУНАР КОПАА?

Јас мислам да тргнеме вака:
-Во приказните, петмината браќа
се прстите на нашата рака!

Во гатанкава е скриена
и една малечка тајна.
Стопати видена,
од памтивека знајна:

Сега и ти ќе се сетиш:
највредни се прстите на баба,
кога нешто со љубов
за внучињата плети!

Што може да личи на бунар?
Понекои и дома се чудат!
За топли нозе се подарени.
И најчесто - шарени!

Препознатливи знаци;
Се плетат _____________

Рацете на баба
разиграни чигри.
На баба и требаат
и плетачки________________

## ДО ГУША ВЗЕМИ ЗАКОПАН: ДУРИ Е ЖИВ, СИ СЕДИ ГОЛОГЛАВ?

По вистината, пак ќе тргнеме во градината:
-Навистина чудна става!
Ем половина в'земи,
Ем без капа, гологлава?

Тркалезна - ко топка.
Дедо не ја виде, прв се сопна!

Може да и донесе слава
на некоја неумна глава.
Со нејзиното име
прекар ако и стават!

Значи:
- Дури е жива така седи.
Се додека мама,
не ја зготви, не ја среди!

Често во визба преселена!
Во буре да презими,
скиселена.

Оваа градинарска ѕвезда
е со многу листови,
обвиени,затскриени, зелени и сочни.

И веќе одговорите наши
брзи се и сигурно точни:

За досетување, потсетување:
Си прочитал во песничките
"... секое зајаче,
кора, дрво делка,
многу сака ________________

## СИ ИМАВ ЕДНА ВОДЕНИЦА СО ТРИЕСЕТ И ДВА КАМЕНА?

Ако не беше гатанка
и вака вешто смислено,
секој воденичар прашан, ќе речеше:
-Не доаѓа предвид, ова е бесмислено!

Значи, отпаѓаат тркалата
на поток вртени.
Нашите мисли - кон бројките свртени!

На едно место триесет и два?
Па да. Лесно како два и два!
Само нека се насмее сестричката Ели
- сите до еден, бисерно бели!

Со нив секој си мели:
колку што сака карамели,
чинија цреши зрели,
ѓеврек или хамбургер сладок,
по некоја торта
или било кое чоколадо!

Ова е загатка, а не басна.
На повидок вистина јасна:
Вака децата најбргу растат!

По некој “камен” загубен
само кај дедовците и бабите.
Кај децата се сите на број.
Тоа се ______________________

## КОГА СЕДАМ СЕ ПРАЗНАТ, КОГА СТАНУВАМ, СЕ ПОЛНАТ?

Сите што по брз одговор трагаат,
дома нека се распрашаат.
Домашните ќе помагаат!

И уште една тајна откриена:
Гатанката в' соба ти е скриена!

Еве, уште еден чекор ќе направиме:
-Зад врата пред да ги оставиме,
се полнат и се празнат,
од дома кога излегуваме.

И кога се враќаме,
в'соба кога влегуваме!

Тие се за нозете важни.
Без нив никаде во денови влажни.

Работата е секако олеснета:
-Дали предност ќе дадеш
на левата
или на десната?

Вчера ти, денес баба ги изми.
Твоите гумени ____________________

## СИТЕ ЛУГЕ ВО ЗЕЛЕНО, ЦАРО ВО ЦРВЕНО?

Значи:
Луѓето - сите во зелено,
а само царот црвен?
Предизвик врвен!

Кој пат да се фати,
загаткава да се скрати?

Изгледа, народниот творец,
измислил луѓе зелени,
во зелен дворец?

Во оваа вселена
-градината најзелена!

А зошто да не?

Се зелено во градината
-царот во средината!

Блиску сме до вистината!

Овде се луѓето - ливчињата зелени
едно до едно подредени!
На врвот - црвен жар.
Бараниот цар!

Се обложувам со сиот свет:
Пронајдов прекрасен цвет!

Понатаму решавај сам.
Со еден совет мал:
Гледај да не те боцне
овој расцутен крал?

Има и деца со слично име
- кај мојот сосед Васил.

Царот мириса супер.
Со розов сок се напил.
Дворот го краси ________________

## МАЛОО ГРНЕНЦЕ, СЛАТКО ВАРИЛЦЕ?

Оваа гатанка,
одамна раскажана, запишана,
некако ми се чини
како да е малку разнишана!

Како прво:
-Грненцата висат на дрво.

За почеток, може да биде:
Секој што сака да ги види,
нека се прошета
до најблиската гора.

Но и не мора!
Може и во паркови,
со лисје сменето.
Кога е заесенето.

Лесно забележени:
-Само се тие со боцки,
наежени!

Распукнати палтенцата
-созреале грненцата.

Бодликави.
Ама внатре - сладникави!

Во доверба речено:
-Излупено,соблечено.
Нешто слатко, подарено,
и печено и варено!

Секој дојден ќе биде гостен,
со нашиот домашен _______________

## БАБИНА КУЧКА ЗА РАКА МЕ КАСНА?

Сум читал во приказните,
а и денес огништа има.

Сега се тоа камини!
Некоја модерна рима!

Па во секоја подлутена зима,
па и кај нас, дома,
околу огниште се седи.
Се зборува.
Баба огништето го разгорува!

Најчесто со дување.
Тогаш треба чување!

Нешто итро ќе светне,
до некое раче ќе летне!

Значи, “кучката” е веќе јасна.
А тебе веќе те касна.
Нежна - ама жежна!

Гатанката веќе се бистри:
Огнот распрскал ______________

## ИВО СЕ ВОЗИ СО ДЕВЕТ НОЗЕ И НАПРЕД ОДИ И НАЗАД ОДИ САМ ГОСПО ГЛЕДА И ТОЈ СЕ ЧУДИТ?

Овие знаат
наопачки да лазат.

Ние 6и рекле:
Два чекори напред
еден назад!

Станови чисти,
во реки бистри.
Низ камчиња измиени
- вешто сокриени!

Деветте ножиња
распливани зраци.

Влезени и во
хороскопските знаци!

За ова животинче поплавено
се е веке претставено.

Земај го моливот пак.
Запиши сигурно ________________

Ако уште не си на чисто
прошетај со другарчето Ристо,
крај бреговите,
до вирчињата,
еве ти ги расползени ______________

## ВО ЕДНА БОЧВА ИМА И ВИНО И РАКИЈА, И ПАК НЕ СЕ МЕШААТ?

Народниот творец многу вешто,
вплеткува во нешто,
необично и сложно:

На едно место да не се мешаат
вино и ракија.
Напросто, не е можно!

Но, од чудото не отстапија!
Низ прсти се прогледало:
Бочвата -
во кокошкино седало!

Значи фантазија вешта
ги сместила бараните нешта?

Во бела руба. Опкружени.
Заедно, а сепак раздружени.

Се додека од „бочвата“
не ги смати мама:
- И ти имаш кајгана!

Значи,
се во јајце вселено,
внатре на две поделено!

Решена гатанката
ставена и точката:
- Не може јајцето
без ___________ и ________?

## ИМАМ ЕДНА НЕВЕСТА, В'ЌОШЕ СЕДЕШЕ, ПО КУЌИ ШЕТАШЕ? НОЌЕ ГОСПОДАРКА, А ДЕЊЕ СЛУГИНКА?

Со мама в’ раце танцува.
Кај поминува - гланцува!
И цел живот исто:
Зад неа - се чисто!

На балконот одмора често.
Зад врата - нејзиното место.

Има жолта глава,
и подолга рачка.
Помага и решава
секаква закачка.
Средува и играчка - плачка!

Може да заигра
и по итра мачка,
што украла рипчиња.
И во лутина
да разбрка некои
неканети кучиња!

Тука е последен зборот:
-Надвор во дворот!

Било нова,
било ветва.
Ова е нашата _________________.

## СРЕДЕ ЕЗЕРО ОГАН ГОРИ И ВОДАТА НЕ ГО ГАСИ?

Со вакви огнови
што не се гасат,
се снаоѓа само баба ми Спаса!

Дома се знае,
пред празници се зборува:
-Таа го пали, таа го разгорува.

Всушност,
ова пламенче исправено
во “езерце” е удавено.

Се е точно означено.
Кај иконата на баба
тоа виси закачено.

Се околу- озрачено!

Тивко трепери, сјае.
И се знае:

Кога немало сијалици,
свеќи,
или да свети што било.
Не се можело без________________

## СЕ СМОТАЛА, СЕ ЗАВИЛА, НА ПЛОТ СЕ ОБЕСИЛА?

Треба да се прошета до градината.
До плотовите.
На есен, кога созреваат плодовите.

Да се обидиме.
Да ѕирнеме, да видиме:

На плотот, до земјата,
расползена.
Тркалезна или издолжена.

Кога ќе стигнеш,
тешко ти оди да ја дигнеш.
По плотот расползена гранката.
Продолжуа гатанката:

Растена под дебели сенки,
срце полно со семки.
За празници или за делник,
мама од неа прави зелник!

И уште малку криеница:
Од сосетката Миленица
фалба изречена:
- Прсти да излижеш
од оваа _____________ печена.

## СИВ КОЊ ВРИСНА, СЕТО ПОЛЕ СТИСНА?

Сето поле?
Имаш ли слушнато
за толку коњ голем?

Ајде тогаш да потпрашаме,
да се распрашаме!

Проверено:
-Кога полето е стиснато,
се ниша се што е пролистано.

Ако е снеговито,
да се запамети:
Се трупаат бели намети!

А лете ако се ѕирка,
врискањето е стишено,
а и свежина пирка!

Верувам,
препознава секое дете.
Вака е кога дува_______________.

## БЕЛА НИВА ЦРНО СЕМЕ, СОС РАКА ГО СЕЈАТ, СОС УСТА ГО БЕРАТ?

Семе се сее, само со рака
И тоа е така.

Овде - таму на бела нива!
Што гаталецот сакал?

Додал: - Црно, посеано.
Обрано, веднаш. Уште недозреано!

Го бериш со уста!
Засега - дилемата густа!

Работите вака да ги поставиме:
-Што се со устите правиме?

Прогонараме и разговараме.
Од се прочитано,
понешто дознаваме.
Прочитаното да е јасно,
ќе го изговориме гласно!

Што напишале - ќе провериме.
Што ќе прочитаме, ќе одбериме.

Буква но буква си бериме!
Букви се сеат
на хартија бела.

Тоа е нивата - вистината цела!

Како порачано,
се е отпечатено.
Чиста вистина, а не лага.
Каде што си чекорел
си оставил_______________. (***ӣраīа***)

## ВРЗИ ГИ ОДАТ, ОДВРЗИ ГИ, НЕ ОДАТ?

На прв поглед
ова е нешто превртено
Наопаку свртено.

Дури и со двоглед!

Одврзани
не мрднуваат.
Врзани, каде не стигнуваат.
Од село в'село
неуморно патуваат.

За да седат
или да одат
нечии раце
главен збор водат!

Тие што решаваат
да не избрзуваат.
Само прстите можат
да одврзат,
или да врзуваат!

Секоја друга
логика се коси.
Командува селанецот,
што ги носи!

И левата
и десната.
Задачата - олеснета.

Во времиња минати.

Здрави и неискинати,
наместо чевли,
потковани со клинци
нашите носеле______________________. (***оп̄инци***)

## ИМА НОС, НЕ МИРИСАТ; ИМА УСТА, НЕ ЗБОРУАТ; ИМА ОЧИ, НЕ ГЛЕА; ИМА РАЦЕ, НЕ ВАЌА?

Сите се тука.
Не кажале само дали
и срцето чука?

Неро го нема.
Станува збор
за посебна шема!

И уште нешто збунува,
помалку и зачудува:

Опишниот, дали стигнува
скришум да намигнува?

Ние,
ќе намигнеме,
до одговор ќе стигнеме.

Ваков комплетен тип,
среќаваш
скоро во секој стрип!

И таму не зборува.
Уста не отвара.
Не проговара.

Прв препозна.
Од него и јас дознав.

Од фотографот Дикан:

- Ова на зидот.
Тоа ви е закачена___________________. (***слика***)

Наместо
нашите претци,
баба препозна светци.

За баба Дона
ова е _______________________.(***икона***)

## ЦРВЕНА КОЗА НОЌЕ ОДИ, ДЕЊЕ ВО ДУПКА ЛЕЖИ?

Се чуло ли коза да е ноќна птица?
Во гатанкава вешто - заменети лица!

Коза ноќе да ти излегува?
Мене во глава не ми влегува!
Додуша, има и црвени кози.
Но, ова се премногу
сомнителни пози!
Обично ноќе се крадците
со лесни нозе?

Коза по месечина,
по свод ѕвезден?
Не.
Овде некој црвен
крадец ќе е вгнезден!

Цел ден в'дупка
лежење и спиење?
Сто на сто - криење!
Ова неканета сосетка
и не е толку ретка.

Ноќе дебне. Ноќе шета.
Кокошарникот - првата мета!
Откриена итрицата.
Таа е __________________.(***лисицата***)

## КОЊСКА ПЛОЧА В' МОРЕ НЕ СЕ ДАВИТ?

Коњска.
Ако е права - потковица.
И пак не се дави!
Не е белки подморница?

Па и да не е море.
Нека е река понорница!
Смислата ни отиде во неврат.
Потребен е преврат.

Плоча - а не се дави?
Гаталецот клопка ставил.
Се бараат блиски лица,
да личат на потковица.
Паднати во вода да пливаат, да бродат!

Се бара плочка за ставање точка.
Нешто над вода надвиено,
во зелени крошни скриено?

Лесно од ветер однесено,
на брановите пренесено!
И еве ја вистината жива:
Не се дави, си плива!

Се валка на бранчињата, талка.
Мокор е. Ама чист.
Зелениот_____________________ (***лист̄***).

## ЕДНА МАЈКА СО ДВАНАЈСЕТ ПОЈАСИ, ШЧО Е?

Дванаесет појаси.
Појасите се и денес
моден хит.
Но, и мајките исто
не се мит.

И уште нешто,
што многу значи:
Овде се појасите - обрачи!

За да се облечат
ваквите мајки,
требаат мајстори,
требаат шајки!

Мајките се дрвени.
Чуваат во визби вина.
И бели и црвени.

Едната мајка
почесто поздрав праќа,
Дедо ми најбргу сфаќа,
и навраќа!

Затоа е често и поспан.
Некако на несигурна почва.
Крива е нашата_______________(***бочва***)

## БЕЛА КВАЧКА ДЕЊЕ ТЕРАТ ПИЛИЊА, ЦРНА КВАЧКА НОЌЕ И ЗБИРАТ?

Гатанката на две поделена.
Секое за себе цело.
Едното црно, едното бело.

Белата квачка
за да си ги тера пилињата
и треба светлината.
За ова мајчинско дело
- бело видело.

Оваа другата
поинаку се снаоѓа:
Ги собира пилињата.
Пристигнала темнината.
Покрив пронаоѓа.
Токму кога сонцето заоѓа.

Па и кај луѓето
оваа делба ќе втаса
на секои дванаесет часа.

Пред одговорот не вјасај.

Еднакво поделени.
Со иста моќ.
Имаме__________________ (***ден и ноќ***)

## БЕЗ РАЛО, БЕЗ МОТИКА, САМО ОРАТ, САМО КОПАТ?

Верувам многумина
вака би посакале:
Без рало, без мотика,
копање без акање!

Се разбира - ова е невидено.
Но има еден копач
- бел ден нема видено!

За овој јунак моќен,
целиот живот е ноќен.
Темен и подземен.

А копа. Не мирува.
Цел живот станот
си го проширува!

Не го барај по нивите,
по полињата.
Прошетај до градината!
Ќе видиш дупче.
Околу - рофка земја, купче.

Ровчест, малечок срт.
Трага од копачот____________________.(***крт***)

## СТОЈКО ОДИ НО ПОЛЕ, СО ТРИСТА КОЛЈА НА РАМО?

Не познавам Стојко толку вреден.
Ниеден.
Ни толку голем,
а цел ден по поле?

Еве ги неговите адреси чести:
По меѓи, под грмушки, под лески.
Често - со покрив од лисја.
Од каде и како, колја триста?

Па сепак. Се што рекол гаталецот,
се е така.
Овој навистина, ги носи без мака!

Речено простум:
Тие се неговиот костум.
Кога се брани,
не знае да клоцне.
Само ќе боцне!

Понекогаш се слуша:
- Набодил и жолта круша,
за своја душа!

Верувам, одговорот веќе не е тежок.
Препознат е____________________. (***ежот***)

## ЧЕКАНА ЧЕКАТ, БЕГАНА БЕГАТ, СКОКНА ЧЕКАНА, ЈА ФАТИ БЕГАНА?

Ова си го прочитал
во Езоповите басни.
Актерите јасни:

Некој трпеливо чека,
вториот вечно се крие.
Талент за бегање.
Овој првиот и за обрач стегање!

Се се врти околу некое дупче,
во некое ќоше од станот.
Подготвен планот:
Се чека повод мал.
Бегана само да тргне
по парче кашкавал!

Бегана кога гостува,
Чекана не простува.
Се облизнува,
мустаќ наострува!

Брканката што следи
може да се мери,
само со цртаните Том и Џери!

Ова не е игрaчка - плачка.
Се бркаат____________________(***глушец и мачка***)

## СО НОЗЕТЕ В'БЛАТО, А СО ГЛААТА В'ЗЛАТО?

Дали одговор побрз ќе има,
во гатанката со ваква рима?

Значи, еве го патот:
Имате, нозе во земјата,
а во главата злато!

Нозете сеани,
главиете созреани,
ожнеани!

Ако не беа нозете во блато,
не ќе имаше глава во злато!

Кога по полињата се брануваат
разеленети мориња,
па созреваат, стасуваат,
златно пожолтуваат?

Не прашувај лекар.
Прашај го најблискиот пекар!

Ја знае златната глава.
Тука е патеката права!
Јули допатува, сонцето позлатува!

Дедо ми рече:
Во гатанката нешто се пече.
И ја реши.
Ги слушам жетварските гласови:
-Ова се житните____________________.(***класови***)

Под синото небо,
Созрева________________ (***лебот***)

## ШТО ИМАМ ЕДНА СЕСТРИЧКА, САМА РУЧЕК ПРАВЕ?

Скоро секоја сестричка
знае ручек да прави.
Со зеленчуци да се справи.

Ретко сама.
Секогаш - помага мама.

Со сестричката што се бара,
Никој и никогаш не се скарал.
И не разговарал!

Тиха. И нечујна.
Во секое време.
И во секоја кујна.

Сама готви, сама пржи.
Сестра ми само
за рачка ја држи.

Кога се одмара,
на клинец обесена.

Со се што е зготвено,
- на маса принесено.

Чија е оваа слава?
На кујнската_____________________.(***ѿава***)

## СИН ВИР, ДНО НЕМАТ?

Тој што ова го скроил,
секако немал поим!
Нема вир што нема дно!
Од тука - што е што?

Во гатанката трагајќи по слава,
работите ги поставиле
на глава!

Значи - нешто сино,
со немерлива длабочина?
Да пробаме со височина!

Би барале височина
крајот што не и се гледа.
Па дури и сателити,
да ја следат!

Од наш агол
ако погледаме,
само некој заскитан
облак ќе догледаме!

Син вир, дно немат?
Прв се согласи,
и се огласи,
соседот Чедо:
- Ова е нашето сино_________________.(***небо***)

## ДВЕ СЕСТРИ ИМАМ, СЕ ГЛЕДААТ, А ПОМЕЃУ СЕБЕ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ВИДАТ?

Двете сестри се гледаат.
Кај сакаат, може да фрлат поглед.
Дури и подалеку,
со двоглед!

Какви што се твоите,
такви се и моите!

И кога се весели
и тажни кога ќе бидат.
Точно е.
Не можат меѓу себе да се видат!

Шансата не е мала,
ако застанат
пред огледала!

Пред со одговорот
да стигнеш,
со едното
и ќе намигниш!

Јасно стојат работите.
Тоа се___________________________.(***очиѿе***)

## ПАТ ОДЕ, ПАТ НЕ ПРАВИ?

*П'т оде, п'т не прави?*

Има патишта и патувања
до недоодувања!
Воздушни, морски
или сувоземни.
Траги не се гледаат,
само кај едни!

Некои летаат,
некои по пат одат,
трети бродат.

По пат оди, пат не прави?
Значи, пријатели драги
не остава зад себе траги!

Овие распловени
километри направија,
континенти составија.
Траги не оставија!

Си чул ли за гемија, галија?
за морнари?

Имиња стари,
одговорот нов,
со современ код:
Допиши________________. (***брод***)

## СИ ИМАВ ЕДНО НЕШЧО, КОЈ ПОМИНВА, ГО БАЦВА И ЈАС ПОМИНАВ ГО БАЦИ, ШЧО Е?

Се разбира,
за сакања, за почитувања,
постојат ракувања
и бакнувања.

По правило искрени.
Кои се овде нашите,
малку изитрени?

Сите минувачи, можни бакнувачи?

Секој со секого,
толку да се сака?
Не е возможно.
И не е така!

Да не ги натерала
бакнувачите
некоја мака?

Одговорот се наѕира,
се гледа:
- Нешто секојдневно им треба!

Тие бакнуваат -
кога ожеднуваат.
Крај патишта, кога патуваат.
Жедта ја згаснуваат.

Води пијат,
лице мијат.

Таа си жубори
под сенковите места.
Не се може без____________________. (***чешма***)

А дома?
Некој ќе праша.
Дома се користи чаша.
И пак иста песна.
Не се може без_____________________. ***(чешма***)

## СИ ИМАВ ЕДНА ПЛЕВНА СО СЛАМА; СЛАМАТА ГОРИТ, ПЛЕВНАТА НЕ ГОРИТ?

Интересни грижи.
Нашата плевна со слама.
Се движи
Не сосема сама!

Мало чудо под синото небо.
Оваа „плевна“ патува во џебот!

И уште зборува
„сламата“ кога се разгорува.

Низ дворот,
зад влезот,
 зад оградата!
Секој ден ја гледаме трагата!

Чадни облачиња,
разлетани “мачиња”.

Сламата димни сигнали праќа.
Плевната во џебот се враќа!

Во воздухот дилеми мали:
Кој овде гаси, кој пали?

Шепнува Јосе,
од првото ќоше:
- Овде ќе пресече
дедо ми Дуле.
Тој пуши на________________________. (***луле***)

## РОГОЈ ИМАТ, ВОЛ НЕ Е; МЛЕКО ДАТ, КРАВА НЕ Е; БРАДА ИМАТ, ПОП НЕ Е?

Мудро кажано.
Се е на место, ништо излажано!

На се потсетено,
лесно насетено:
Рогата, питома
и воспитана.

Ако, во дворот
налета на весник,
еве ти ја и - начитана!

Секое утро, нова полза.
Дома ја молзат.

Прашај другарче,
од било кое село:
- Вкусно е и нејзиното
млеко бело.

И што е право - право.
Супер е здраво!

Никој ништо не и брани,
а се храни:
Лист по лист си пасе сама,
а зиме ручек од слама.

Дури и лист од лоза!
Домашната__________________________. (***коза***)

## СЕДУМ БРАЌА, ЛЕТЕ РАСТАТ, ЗИМЕ СЕ СМАЉВАТ?

Овде, сончевите зраци
се задолжени:
-Кога се браќата скратени,
кога продолжени!

Значи:
Кога сонцето подолго грее,
братот - подолг ќе е!

Сети се на нашата клима.
Имаме лето и зима.
За размислување:
Кога е порано осамнување,
кога подоцна стемнување?

Треба и предвид да се земе:
Не е сеедно и колку
за игра ќе имаш време?

Знае секое дете - лете!
Седумте браќа
на календарот ќе ги најдеш.
И ќе се снајдеш.

Вистината на сцена:
-Ова се неделните седум___________( ***дена***)

## ПОЛНА КУТИЈА ЦРВЕНИ МОНИСТРА?

Монистра - бисерни топчиња нанижани.
Некогаш, украс за гордеење.

Во гатанката - зрнца зашеќерени.
Кутијата - плод во зреење.

Овде,
најбргу ќе дојдат до слава,
децата од Валандово, од Гевгелија.
Од Дојран, од Пирава!

Не е никаква клопка
- овошката,
со плод, црвена топка,
успева само на југот.

Да го затвориме кругот:

Изела една Даринка,
без мама, без фалинка,
слатка, црвена________________ (***калинка***)

## СИ ИМАВ ЕДЕН ЛОЖНИК, СВЕ ВЕКОВ ПОКРИВАШЕ, ДРИМ И РАДИКА НЕ МОЖЕШЕ? ШЧО ИМАШЕ ЕДЕН БЕЛ ПОКРИВ СЕ ПОКРИВА, САДЕ ВАРДАР НЕ ПОКРИВА?

Ќе решаваме две гатанки како една.
Причината - следна:
И во двете,
само нашите реки непокриени!

Каде се одговорите скриени?

Народниот творец рекол:
- Се покрива. Све веков.
Сакал да каже
Се на светов!

При нашата клима,
ова се случува в'зима.

Значи - под бела покривка:
Полињата.
Нивите, градините. Планината.

А Радика и Вардар.
И Дрим.
Не!
Не може да ги наврне _______________. (***снег***)

## ДОЛГА НЕДА, СЕНКА НЕМАТ?

Ако добро не се пресметаме,
можеме да налетаме,
на мразови тенки:
- Нема многу нешта,
што немаат сенки?

Значи, сонце не ја засенува,
во неа се огледува.
И при најголема жега,
таа без сенка му бега!

Замисли. Можеш да се снајдеш
на час по географија
Неда да ја најдеш?

Во атласот - Неди построени.
Тенки и долги,
во сино обоени!

Веќе на одговорот
не се чека.
Долгата Неда е__________________. (***река***)

## ВОЈВОДАТА ВОДА ПИЈАТ, НАД НЕГО СЕ ЦРВЕН БАРЈАК ВИЈАТ?

Овој војвода
е со посебна слава.
Само тој пие вода
со крената глава!

Војводата искочоперено,
владее самоуверено.

- Белите сестрички,
жолтоклуни  внучиња,
ги варди, ги брани
од соседски кучиња!

Кога се тепаат,
пердуви летаат.

Не само во борба,
па и кога спие,
над главата црвеното
знаме се вие.

Некои поети, со светска слава
напишале:
-Овој носи цвет на својата глава!

Ќе биде појасно:
-Кога командува гласно,
не вика.
Зборува на јазик - кукурикав!

За понекои војводи,
што прерано пропеале,
лонци загреале.

И што уште?
Војводува само на свое буниште.

И зиме и лете.
Нашиот___________________.(***ӣеӣел***)

## ЕДНО НЕШТО НОЌЕ ЛЕТАТ, НЕГДЕ ГОДЕ ЗА СВЕТВИТ?

Ова скокалче е ноќно.
Ситно е.
А моќно:

- Над треви, над ливади,
по мракот ќе летне.
Ќе заискри, ќе светне!

Како жолто фенерче
над покосено сено,
ќе го најави
крајот на денот.

Придружува штурчето.
Се гаси фенерчето.
И тоа се уморува.
Па полето сонува.

Негде годе светнала,
заискрила, летнала.

Во копрена кошулка,
една летна______________________. (***светулка***)

## ЧЕТИРИ БРАЌА ТРЧАЕТ, НЕ МОЖЕТ ДА СЕ СТИГНЕТ?

Под посебно внимание:
- Сите трчаат
на исто растојание.

Сите со иста кондиција
и со традиција:

Си имаат ист старт и иста цел.
Секој си го трча
сопствениот дел.

Современо
и едновремено!

И не се сами.
Точно се поврзани.
Не зависи од нив,
како и колку
ќе бидат забрзани!

Главна фрка:
Еден ако го нема
-нема ни трка!

Ни лево ни десно
свртување.
Ниту возење, ни патување

Заеднички поделена.
И славата.
На колата___________________. (***тркалата***)

## ВО ЧИЈА МРЕЖА НЕ СЕ ФАТИЛА НИТУ ЕДНА РИБА?

Најнапред:
-Секој да се сети,
кој се на светов
мрежи плети?

Се разбира, тука е и мама.
Пердето го плети
трпеливо и сама.

Но нема шанси издржени,
се фаќаат ли риби испржени?

Значи - се бара мрежа
вешто исплетена,
но, од реки и води
оддалечена!

Кога е недопрена
велат:
-Мрежа копрена.

Од ветрот неодмината
-ете ти ја скината.

Работата да биде упростена:
-Во вакви мрежи се случува,
по некоја мува да е нагостена!

Не само риби.
Не припарува ни зајак.
Во тенките мрежи
на таванскиот____________________. (***пајак***)

## ЗОШТО ПЕТЕЛОТ МИЖИ КОГА ПЕЕ?

Секој петел
каде и да се наоѓа,
на ѕид, на буниште,
се снаоѓа:

-Точно, одмерено
кочоперено,
да закукурика.

Видена слика!

Во вакви музички моменти,
не требаат ноти.
Ни диригенти!

Но, сите петли,
тоновите кога ги нижат
-Мижат!

Пристап забранет,
за гостин неканет.
Петелот песната
ја знае___________________. (***напамет***)

## КОЈ ОДИ НАПРЕД САМО КОГА ГО УДИРААТ ПО ГЛАВАТА?

-Ѕид со глава не се руши!
Поговорката
не допрела до неговите уши.

И уште еден сигурен став:
-Овој е сто на сто, тврдоглав!

И мора да биде,
кога ќе се виде:
 Оди и напредува,
в'дрво кога влегува.

Видено и поучно:
-Го удираат стручно.
Мајстори од разни сорти,
кога се прават прозорци,
покриви и порти!

Удрен по главата,
ја печали славата:

-Без вакви тврди глави,
ни куќа не се прави!

Овој храбар единец,
е железниот__________________. (***клинец***)

## КОЈ СЕКОГАШ Е ВО ПИЖАМИ?

И не се срами!

Се разбира:
Не може нон - стоп да спие.
Таков спанковец нема.
Овде вешто се крие
дама со црно - бела шема!

Пижамата во ленти,
препознатливи шарки,
ова е мода
од африкански марки.

Кај нас
Зоо - паркот
е нејзино живеалиште.
И лете и зиме.

За чудо:
Ќе чуеш исто име,
за некој уличен премин
кон блиското шеталиште.

Со црно - бели ребра,
Препознавме___________________. (***зебра***)

## КОЈ СЛЕГУВА БЕЗ СКАЛИ?

Да се слегува без скали,
не се авантури мали!

Тука првата мисла се раѓа
- овде се паѓа!

Не станува збор за деца.
Тие се бистри.
И итри.

За оваа гатанка
има и друг одговор везен:
Зошто паѓа?
Затоа што немал скали
да слезе!

Се капки до капки!
Се лизгаат низ чадори,
под забрзани стапки.

Без скали. Гордо.
Паѓа__________________. (***дождот***)

## ЕЖЕ МЕЖЕ, ВО ДЕВЕТ КОРИ ЛЕЖЕ?

Ежето има
кожа една.
Ќе го отпишеме веднаш!

Па рекле уште - меже!
Не во една, туку
во девет кори леже?

А тоа значи:
-За да го отвориш,
ќе се помачиш.
Дури лесно и да заплачеш!

Еве и мама се лути,
кога го сечка, кога го лупи.

Додава мојата вујна:
-Без него не може ни една кујна!

Дедо ми понекогаш
од пазар доаѓа,
со чекори троми.
Во торбата носи и________________ (***кромид***)

## БЕЛО КОЊЧЕ СКОКНАЛО, В'ЦРНО МОРЕ ПОТОНАЛО И НИКОЈ НЕ ГО ЖАЛИ?

Морињa црни нема.
Географијата подучува.
Овде, нешто дома
се случува!

Размислуваме.
Да пробаме, да погодуваме!

Кога се разбудуваме,
кога ќе се наспиеме,
што најнапред ќе се напиеме?

Да личи на црно море?
Првото кафе,
на нашиот шпорет!

Најди го сам
белото коњче.
Одговорот - виси на конче!

Прашај ја баба
и ќе ти рече:
Кафето не е слатко,
без бела коцка____________________. (***шеќер***)

## ПОЛНО ТРЛО БЕЛИ ОВЦИ

Да се чудиш
и да не веруваш:
Ова трло
е сосем блиску
до сечие грло.

А зошто побелува?

Затоа што”овците”
со насмевка откриени,
секое утро со четкичка
супер се измиени.

Загатквава излезе песна.
За решавање - лесна!

Да не мешаме
баби и жаби.

Децата имаат
Најубави__________________________. (***заби***)

## НИЕ ГО НОСИМЕ НАШИОТ ГОСПОДАР, ТОЈ НЕ НОСИ НАС?

Овде се првите вистини прави:
И двајцата да бидат здрави!

Работите одат тогаш,
кога е сто посто слога!

Тие помагаат,
кога чекориме
- да не се измориме!

Мораат да се сложни.
И левата и десната,
како римата во песната.

Кога во лево
и десно свртуваме,
ние командуваме!

Кој знае колку улици
може да бидат поминати.
Заедно се грижиме,
да не бидат искинати.

Избистрено,
чисто без плевел.
Станува збор за
Лев или десен____________________. (***чевел***)

## БЕЛА СЕ РАГА, ЗЕЛЕНА ИЗРАСТУВА, ЦРВЕНА ОСТАРУВА?

Се што е живо на светот
ќе си го изоди патот.
Подолг или пократок.

Баба подучува:
-Нашата загатка,
во градина се случува.

Пчелките цветот
ќе го оплодат, па ќе се родат:
Најнапред бели.
Малу топло сонце - еве ти ги зелени!
И се здружени,
две по две - неразделени!

Во јуни - созреани.
Црвени топчиња сочни,
низ гранчињата насмеани.

А и децата точни:
Па имаме прекрасни глетки
Ставени наушињата,
румени, црвени обетки!

Со зашеќерен вкус, одговорот кус:
Секој лесно ќе реши
-стасаа јунските_________________. (***цреши***)

## ЦРНО МЕЧЕ ПО ШУМА СЕ ВЛЕЧЕ?

Секој ќе рече:
- Каква е оваа гатанка?

Што сакал тука
народниот творец.
Каква е оваа замка?

Соседот Досе – адресата права!
На неговата глава,
тинејџерска слава.

Фризура - распрчкани стракови.
Плус, шатирања, лакови...

Пред огледалото прашање често:
-Дали е патецот на правото место?

“Шумата” мора да се средува,
па следува:

По овој украс свечен,
нешто минува, се влече.
И наутро,
и секоја вечер!

Одговорот весел:
Не се може без____________________.(***чешел***)

## КОЈ БЕЗ НОЗЕ СЕГДЕ ОДИ?

Значи,
нема никакви шанси
од неа да се откачиш!

Застанеш ли - застанува.
Ти си накривен?
Таа се навалува!
Туку се зголемува,
туку се намалува.

Не ретко се повторува:
Да те претекне,
пред тебе исчекорува!

Колку и да вјасаш,
не можеш да ја стасаш!
И без дилема:
- таа нозе нема!

Ако некое облаче
над уличката тргне.
Ја снемува.
Не може ни да мрдне!

Сонцето командува,
кога таа пладнува.

Некогаш дебела,
некогаш тенка.
Те следи во чекор,
твојата________________. (***сенка***)

## ПОЛНО ШКОЛО ДЕЧИЊА, СО ЦРВЕНИ КАПЧИЊА?

И тоа сите до еден!
Каде е ова можно?
Загатнатото - сложно!
Кој е потегот следен?
Полесно ќе се сетиме,
ако потсетиме:

Овде на едно место
ем капчињата црвени,
а „учениците“ - дрвени!

“Школото” често
во џебови скриено!

Низ кујната носено,
најчесто од мама
крај шпоретот откриено.

Дедо се фали:
без капчињата,
ни лулето не се пали!

Пламнува искра.
Вистината бистра:
Нема криенки, игри.
Ова е кутивче________________. (***кибрит***)

**СЕКОЈ ДЕН ОДАМ НАДВОР И СЕКОГАШ СУМ ВО КУЌАТА?**

Замислете!
Надвор излегува,
внатре не влегува!

Ниту за ветер размислува,
ниту од дожд покиснува!
Кај и да фати
да намине, да сврати,
пред сечии врати,
тој има пристап.

Адресата - секогаш нова,
секогаш иста!

А кога патува, метар по метар,
му треба месец, за километар!

По треви, по патеки,
низ дворови…
Побараат ли децата,
покажува и рогови.

И за целото време,
ноќе и дење,
во своја куќа си дреме.

Во право е секој
што ќе рече:
- Овој куќата со себе ја влече.

Децата одговор должат:
Препознавме_________________. (***ūолжав***)

## БЕЛИ БИСЕРИ НА ЗЕЛЕНИ АЛИШТА?

Нема бели бисери
што не се волшебно прекрасни.

За да се сетиш,
работите да бидат јасни:

- Побарај ги во градината,
тие ја разубавуваат.
Можат да ги видат,
тие што рано стануваат.

Па да прошетаат.
Да видат како пеперутките,
на трендафилот ќе слетаат.

И евеја волшебната
бисерна глетка:

Од секое зелено ливче,
ѕиркаат просветлени капки.

Намигнуваат, трепкаат,
кристално светкаат!

Во срце топлина носат.
Добредојде, за утринската __________________. (***роса***)

## СИ СВИРКА УСТА НЕМА; ТРЧА НОЗЕ НЕМА; ДРВЈА ТРЕСЕ, РАЦЕ НЕМА?

Јунакот нешто потсетува
на Дон Кихот, на ветерниците?
Или на фантастичните романи
сместен меѓу страниците?

Не ќе биде,
ако се виде:
Може да свирка, а нема уста!
Свирежот - над ќерамидите.
Тогаш и улицата е пуста!

Предвид да се земе:
Најгласно свири во студено време.

Точно е:
Да трча може, а нема нозе!
Кога се растрчува и дете натрчува!
А, ако сретне
и некоја капа ќе летне!

Едвај ја чека златната есен.
Без раце костенот стресен.
Нема лист што не е разнесен.

Баба ќе рече:
- Може и бетер, со овој немирен___________. (***ветер***)

## ГЛАВАТА ВО ГОРАТА, ОПАШКАТА ВО МОРЕТО?

Советува малата сосетка Марта
- Да отвориме географска карта!

Најнапред - една гора се бара.
Најдовме - нашата Шара!

Значи - главата е некаде горе.
А опашката?
Кое е најблиското море?
Значи, тргнување
од Вруток.
Се бара - уток.

Затворен е кругот:
Егејското море.
На југот.

Е сега - никако избрзано,
а сепак поврзано.

На одговорот многу
не ќе се чека.
Ја најдовме нашата
најголема________________. (***река***)

Од Гостивар до Гевгелија
нашиот делија,
патува прапознатлив дар.
Тоа се бранува____________(***Вардар***)

## ЈАС ГО ТОВАРАМ, ТОА СЕ РАСТОВАРА?

Товари, растовари!
Првата мисла:
- Магаре што се инаети?
Нема смисла.
За него се тоа сложени занаети!

Кога се товара нешто се става.
Нешто се реди.
Во нашава загатка, тоа е услов
во топло да седиш!

Погледај до троседот,
малку во десно.
Нешто за да е топло
согорува лесно!

Пламенчето бргу растовара.
Ти си тука, да товараш!

Како задача прва:
претрчи до визбата
и донеси дрва.

Се е на место, ништо не е “тумбе”.
Со нашето____________. (***ќумбе***)
Нема да биде грешка,
ако запишеш и_____________. (***ӣечка***)

## ЕДНА ВОДЕНИЦА СО ДВАНАЕСЕТ КАМЕЊА, ДЕЊЕ НОЌЕ МЕЛЕ, НИШТО НЕ СОМЕЛУВА?

Овде се работи и дење и ноќе.
Тоа е некој моќен!

Камењата отчукуваат,
ништо не сомелуваат.
А сепак, нешто менуваат.
И што е најважно:
-Отчукуваат ли, отчукуваат...

Значи - нема овде бела пченица.
Ова е умна криеница.
Нема збор за воденица!

Гаталецот смислувал
камењата – бројки ги замислувал.
Не му било до шега солена:
-Овде имаме,
и стрелка мала
и стрелка голема.

Нешто се „мели“,
на дванесет се дели!
Се знае, без да се праша:
Денот е со дванесет часа!

Овде не завршува моќта,
на дванаесет се дели и ноќта.

Сега наближуваме:
-Оваа “воденица” кажува,
кога да легнуваме,
кога да стануваме.

Одброеното течно, а времето вечно.
Низ времето ние минуваме.
На ѕидот е виновникот.
Тоа е_____________________. (***часовникош***)

## ДЕЊЕ СЛУЖИ, НОЌЕ ЅВЕЗДИ БРОИ?

Кој може ноќе,
саноќ да стои.
Ѕвезди да брои?

Не може ни песот.
Цел ден не мрднал.
Испружен,
За ништо заслужен.

За ваков намет
не постои толку,
длабока памет.

Тие што ноќе ѕвезди броеле.
Дење служеле. Не стоеле.
Во гатанката поставиле:
И нешто корисно направиле.

Овде се согледува:
За да се бројат ѕвезди,
тие во нешто се огледуваат!

Не е огледало,
ни со јајца седало.

Во дворот имаме вода
во длабочини сокриена.
Од жедни слатко пиена.

Некогаш со капак
покриена.
А кога е откриена,
кон ѕвездите свртена.
Мирна вода стоеше,
ѕвездите ги броеше!

Работа превртена.

Сведок и месечината.
Не ретко со име - луна.
А ова што го баравме,
тоа е нашиот____________________. (***бунар***)

## ЦРВЕНО МАЛЕЧКО, КОГА ТЕ УДРИ, СО ВОДА НЕ МОЖЕШ ДА СЕ ИЗГАСНИШ?

Црвено, малечко.
Се зборува:
- Уште и изгорува!?

Ќе се бара гасење.
За чудење,
или за плашење?

Кибритче, жар.
Распрснати искри?
Не.
Треба нешто друго
овде да се бистри!

Во оваа парада.
Има еден лаком.
Тој е што ќе страда.

Мало, луто
гризнато.

Веднаш признато:
Ова е катастрофа.
Има ли кој да донесе
со вода полна кофа?

Овие малите,
често над скалите,
висат, на конец врзани.

Удираат, налутуваат
само деца избрзани!

Лути, изгор.
Па немаш друг избор.

За да се спасиш,
со вода ќе се гасиш!

За се треба мерка.
Не загризувај лесно
лута____________________. (***пиперка***)

## КОЕ Е ТОА ЖИВОТНО, КОЕ НАУТРО ОДИ НА ЧЕТИРИ, НА ПЛАДНЕ НА ДВЕ, А НАВЕЧЕР НА ТРИ НОЗЕ?

Уште на почетокот
ќе подвлечеме:
-Не е животно,
отворено ќеречеме.

Но, за да се извлечеме:

Се што е кажано,
точно е докажано.
Што се рекло:
-Испечено, па речено!

Во гатанката - три доба.
Три периода.
Едно до друго наредено,
секое од сите наследено.

Нешто одвнатре ме подучува
па и кај нас дома,
ова ни се случува.

“Наутро” - се почнува!
Со лазење започнува.
Понекогаш со плачење,
кога тивко,кога гласно
-на четири, јасно!

И на двете нозе,
и на раце, двете.

Проодува - ____________. (***деѿе***)

Напладне - најзрелото доба.
Сите цврсто.
На две нозе одат.
Така било довек.
Веќе си зрел_________________. (***човек***)

Навечер стартува ногата трета.
Како да не се сетам?

Бастунот е на редот.
На три нозе оди
Мојот_______________________. (***дедо***)

## ЈАЈЦА НОСИ, ПИЛЦИ НЕ ПИЛИ, А СЕПАК ПИЛЦИ ИМА?

Јајца носи?
Значи, птица.

Оваа, со две
нечесни лица!

Па, сосема свесно
ги става другите в'тесно!

Пред да снесе, летнува.
Во туѓо гнездо, свое јајце
подметнува!

Па нема совест,
и не и тежи,
друг јајцата
да и ги лежи!

Друг ќе ги испили
пиленцата мали.
Па потоа бесрамно се фали!
И тоа, не потајно
Ку - ку, ку - ку! Разгласува.

Мера преврршена
- работата од друг е завршена!
Птицата со вакви лица
се вика___________________. (***кукавица***)

Познавам не еден,
познавам не двајца.
Плашливци без граници.
Неменливи навици!
И за нив се вели__________________. (***кукавици***)

За овие двајца.
Некому нешто злобно поттурнале,
се вели подметнале______________.(***кукавичини јајца***)

## ЗУНЗАРА, ЗДОДЕВАРА - МЕДЕЦ ЛИЖЕ, СЛАТКО БАРА?

Лете си имаме маки.
Секој се брани на свој начин.

Здодевка, до бескрај,
на главата ќе ти се качи.

Па ти се смачува!
Секој бербер, под итно,
на врата перде закачува!

Тие си знаат:
-Муштериите да бидат на раат.

И дома со скрстени раце
не се седи.

На прозорецот - ситна мрежа!
Ќе видиме, колку ќе вреди?

Некои модерно се чуваат
-спрејови распрскуваат.

Зунзара - здодевара,
од кожа ја вади
и тетка ми Мара:
Кога ќе дојде на редот,
слаткото, медот!

Ја брка, со крпа!
Сега ли баш. И, што мајка бара?

Гледај тебе да не ти речат,
да не чуе земјата глува:

Денес си здодевен
како некоја_____________________. (***мува***)

## ПРВИОТ ИСТУРА, ВТОРИОТ ПИЕ, ТРЕТИОТ РАСТЕ?

Ни накалемија:
-Една гатанка
со три решенија!

Сите заедно - неодменети,
па сепак, навреме сменети!

Најнапред,
истурачот ред правеше,
па се случуваше:

Што да се крие.
Вториот немаше излез
-мораше да пие.

Што, ако не вода!

Сега додај:

Првиот истура кога е заоблачено.
Вториот пие - ненарачано!

Третиот расте.
Малку сонце и - разеленува.

Одговорот се обелоденува:

Првиот, што вода собрал
е потемнетиот___________________. (***облак***)

Вторите пијат
закитени со бели ради!
По поле распослани________________. (***ливади***)

И третиот.
Без многу врева.
Си расте, си расте
Зелена_____________________. (***ѿрева***)

## НАПРЕД ОДИ, НАЗАД НЕ СЕ ВРАЌА?

Верувај,
ова е вистина
над вистините!

Има и мерка.
Тоа се годините.

Напред оди - назад не се враќа.
Гаталецот порака праќа.

- Тоа вечно минува.
Човекот со него,
само се разминува.

И дедо мудрува,
и не се исчудува:
Било што било.
Било и - поминало!

И од народниот пејач
пораката испратена:
Лисјето на гората вратени,
младоста невратена!

На одговорот
посеано семето:
Си оди, си врви
и не се враќа________________________. (***времето***)

## ЛЕТЕ КОЖУФ НОСАТ, ЗИМЕ ГОЛИ ОДАТ?

Некако наопаку
оваа мисла.
Па сепак - има смисла!

Немаш време за чудење.
Решавај,
без време губење.

Лете - со кожуф зелен.
Ама и модерен.

Есента, во жолто ги облекува.
Ветерот - до кожа
ги свлекува!

Тоа што се голи,
глава не ги боли!

Предвид и вистините:
- Никогаш настинати!

Значи - голи во зима.
Одговорот го имаш:

Како прво и прво
во шумата секое_____________________. (***дрво***)

## ДВЕ МАЈКИ СО ПЕТ СИНА?

Две мајки
и пет сина?

Не е за верување
- но и ти ги имаш!

Без десетте
сина ништо не се прави.
Само да се здрави!

Мајките - како мајки,
со љубов си ги чуваат,
ама и командуваат!

Имаат имиња,
едноставни и лесни!
Или се леви или се десни.

И синовите презимиња:
Палец, показалец...

Дознаено - препознаено.
Одговор јасен:

Мајките, нашите__________________. (***раце***)

Синовите:
За зафати цврсти
Десетте________________________. (***прсти***)

## ПОКРАЈ РЕКА СТОИ И БРАНОВИ БРОИ?

Има многумина
што крај реки стојат,
и бранови бројат.

Патувачи, минувачи.
Рибари со празни мрежи.
Понекој што не работи,
на брегот си лежи...

Но, крај вировите, вртежите,
крај кривините речни,
има и пријатели вечни!

Тука сраснати и пораснати!
Си стојат, си стојат и бранови бројат.

Оваа нашата
прва разлистува.
Над зелени сенки,
надвиснува.

Во водата,
цел век се огледува!

Одговорот следува:
Тука е. Не мрда.
Крајречната___________________ (***врба***)

## ПОМАЛА Е ОД КУЧЕ, ПОГОЛЕМА ОД ДЕДО?

Што би рекол на ова дедо ми Чедо?
Веѓата би ја дигнал
и би намигнал:
- Не верувам дека некој
до одговорот бргу би стигнал?

А и песот.
Мрзлива домашна ѕверка.
Со дедо ми ли ќе се мерка?

Кај нас дома се смета:
Само чадорот од дедо
е повисока мета!

Ама, има едно нешто
со слична слава:

Кога заладува,
за дедовата глава,
се наоѓа, се бара
старата, добра____________________. (***шубара***)

Внукот може
и вака
загаткава да ја реши:
Ниеден дедо не излегува
без својот__________________________. (***шешир***)

## ОД НАДВОР ЗЕЛЕНА, ОД ВНАТРЕ ЦРВЕНА? ПОЛНО УЧИЛИШТЕ СО УЧЕНИЦИ, НИГДЕ ВРАТА НЕМА?

И уште еднаш:
Две гатанки - во една!

Па, нека биде.
Тргнуваме со првата,
и ќе се виде:

Одниви однесено,
на пазар пренесено.
Волшебно дело
-зелено, а зрело!
Во торба - дома донесено.

Од тате:
- Корупката пресечена,
трпезата свечена!
Дома, на маса влезени
- црвени резени!

И засладуваат и разладуваат!
Сево ова се случува лете.
Знае и секое дете:

Во оваа криеница,
црвена__________________. (***лубеница***)
Аучениците, дечињата?
Внатре се__________________. (***семчињаӣа***)

## КВАЧКА СО ДВАНАЕСЕТ ПИЛИЊА?

Народниот гаталец
за да и најде
на загаткава рачка,
не мислел
на домашната квачка!

Ретка таква милина:
Ни повеќе, ни помалку,
баш - дванаесет пилиња!

Квачката,
кога пилињата ги води:
- Секое
едно зад друго оди!

Значи:
Колона од дванаесет дела.
Тогаш е цела.
И секое си има
свое име.
Секоја четворка,
свое презиме.

Па имаме:
Дванаесет имиња,
поделени
на четири презимиња!

Кај оваа “квачка”
нечепната целината.
Од пролетта до зимата.
Тоа е_________________. (***г̅одина̅т̅а***)

А дванаесетте пресеци?
Дванаесет_______________. (***месеци***)

На четири поделени
прецизно разделени,
бргу ќе се снајдеш:
-Годишните времиња
ќе ги најдеш.

Нареди ги вредно,
едно по едно:

-На зелено поле, пристигнала____________(***п̅роле̅т̅***).
Веќе сум во трето. На распуст во ____________(***ле̅т̅о***).
На јаболка во Ресен. Пожолтела ________(***есен***).
Побелело. Во нашава клима, тоа ти е _______(***зима***).

## НИШТО НЕ ЗАГУБИЛА, А СТАЛНО БАРА?

Бунииштето - сврталиште.
Дворот - шталиште!

Во бели руби свечено облечена.
Дувне ли ветерот - ете ја соблечена!

По ќошиња, пред врати,
клуцка, пребарува
на стотина пати!

Не знае ни баба ми Мара,
ни што изгубила, ни што бара?

Пченица, пченка,
или просо?
Не гледа
- подалеку од носот!

Ќе расчепка сламка,
божем тревка сакана,
и еве ти ја – раскокодакана.

А се е најдено и пронајдено.

Секое потфрлено зрнце,
секое ронче.
И најмалата трошка.

Така ти е тоа,
со секоја__________________. (***кокошка***)

## ЗАКЛАНО, ОДРАНО, СО ПЕЕЊЕ ДОМА СЕ ВРАЌА?

Одрано,
заклано.
А нерасплакано!
Со песна
дома вратено!

Чекано.
Со радост
дочекано!

Јас би додал:
- Ако некој
нешто одрал,
кожата е тука главна.
Под мајсторски вредни раце
постанала
светски славна!

Тој што ја правел,
Направил
народен славеј!

Се разбира:
Кај нас роден
и - народен!

Кожата надуена,
свирката,
надалеку прочуена.

Звуци извезени!
И стари и млади,
сред село излезени!

Со кавалот збратимени,
ора ненадминати.

На свадби ценета,
на слави незаменета!

Сите ќе се снајдат,
па ќе ја препознаат:
- нашата прекрасна___________________. (***īајда***)

Свирачот,
не е шегаџија.
Тој е_____________________. (***īајдаџија***)

## ДО ПРАГОТ ДОАЃА, А ВО КУЌАТА НЕ ВЛЕГУВА?

Кој кого овде да прекорува?
Доаѓа до прагот
не го пречекорува!

Одговорот сложен:
И да сака, не може!

И сега доаѓа првото чудо:
Тој и те носи до дома.
Лудо!

По него ќе си дојдеш
до сопствениот праг.
Било со кола, било пешки.
Не доаѓаат предвид грешки.
Ти си на вистинскиот траг!

Ти ќе си влезеш.
Тој застанува.
Тука и должината
му престанува.

Ти си пречекорил
во првиот кат.

Зад тебе останува
Изминатиот____________________. (***йаш***)

## БРАТ И СЕСТРА ДЕН И НОЌ СЕ БРКААТ И НЕМОЖАТ ДА СЕ СТИГНАТ?

И за братот и за сестрата,
најблискиот рид е граница.
И почетна
и крајна станица!

Тука се случува
осамнување и зајдување.
Појавување
и исчезнување.

И тркање
и бркање.

Братот дење царува.
Румено се најавува.
Осамнува - заруменува.
Зад ридот и си оди;
па засенува.

Сестрата
секогаш по небо замрачено.
Понекогаш
на сртот закачено.
Од ноќта придружена,
со ѕвезди опкружена.

Еден поминува,
друг заминува.
Колку и да вјасаат,
не ќе се стасаат!

Понекогаш над ридот
толку ниско,
чиниш блиско!

Па така:
И братот и сестрата
на огромна далечина.
Се бркаат___________________. (***сонце и месечина***)

**БЕЗ ВОДА - МОРЕ, БЕЗ ДРВЈА - ШУМА,**
**БЕЗ ТРЕВА - ПОЛЕ, БЕЗ КУЌИ - ГРАДОВИ,**
**БЕЗ КОЛИ - ПАТИШТА, БЕЗ СТРАЖАРИ -ГРАНИЦА?**

Тие што ја смислиле гатанкава
треба да бидат горди.
Ова може да влезе
во Гинисовата книга на рекорди

А и ние ќе се покажиме.
Од решавање,
нема да се откажеме!

Првата дилема,
веќе ја снема:

Нема такви држави.
Без стражари, граница!

Треба да се преврте
географска страница.

Ни без вода мориња,
ни без трева полиња?

Без куќи градови?
Патишта без коли?

Сите тие постојат.
Со знаци,
со симболи.

Светски прифатени.
Прецизно зацртани и обоени.
Каде се построени?

Цели континенти.
Во учебници.Во документи.

За снаоѓање
и пронаоѓање:

Четирите светски страни,
напоредници и меридијани.

Треба да се погледне. Да се шпарта.
По географската____________________ (***карта***)

# СОДРЖИНА


**ПЕСНИ СО ПРАШАЛНИЦИ (*ѓатанки*)........................................ 7**

**ЧЕТВОРИЦА БРАЌА ВО ЕДНА КУЌА СЕДЕА И НИКОЈПАТ НЕ СЕ ГЛЕДАА? (*јатки*)........................................... 9**

**ЕДЕН БРАТ НА ЕДНА НОГА ОРО ИГРАТ? (*вретено*) .......... 10**

**ДА ЈЕТ ОРТОМА (ЈАЖЕ) НЕ ЈЕТ ОРТОМА, ДА ЈЕТ МАЧКА, НЕ ЈЕТ МАЧКА И ПАК ИМА НОКТИ? (*капинка*) ................... 11**

**ПОЛНО РЕШЕТО ЈАЈЦА НА ЌИРАМИДИ? (*ѕвезда, ѕвезди*). 12**

**ПЕТМИНА БРАЌА ЕДЕН БУНАР КОПАА? (*чорапи, игли*) .. 13**

**ДО ГУША ВЗЕМИ ЗАКОПАН: ДУРИ Е ЖИВ, СИ СЕДИ ГОЛОГЛАВ? (*зелка*)........................................................................ 14**

**СИ ИМАВ ЕДНА ВОДЕНИЦА СО ТРИЕСЕТ И ДВА КАМЕНА? (*забите*)........................................................................ 15**

**КОГА СЕДАМ СЕ ПРАЗНАТ, КОГА СТАНУВАМ, СЕ ПОЛНАТ? (*чизми*)........................................................................ 16**

**СИТЕ ЛУГЕ ВО ЗЕЛЕНО, ЦАРО ВО ЦРВЕНО? (*трендафил*) ........................................................................................................ 17**

**МАЛОО ГРНЕНЦЕ, СЛАТКО ВАРИЛЦЕ? (*костен*)................ 19**

**БАБИНА КУЧКА ЗА РАКА МЕ КАСНА? (*искри*)................... 21**

**ИВО СЕ ВОЗИ СО ДЕВЕТ НОЗЕ И НАПРЕД ОДИ И НАЗАД ОДИ САМ ГОСПО ГЛЕДА И ТОЈ СЕ ЧУДИТ? (*рак, ракчиња*) ........................................................................................................ 22**

**ВО ЕДНА БОЧВА ИМА И ВИНО И РАКИЈА, И ПАК НЕ СЕ МЕШААТ? (*белкаша и жолчкаша*) ....................................................23**

**ИМАМ ЕДНА НЕВЕСТА, В'ЌОШЕ СЕДЕШЕ, ПО КУЌИ ШЕТАШЕ? НОЌЕ ГОСПОДАРКА, А ДЕЊЕ СЛУГИНКА? (*мешла*)...................................................................................24**

**СРЕДЕ ЕЗЕРО ОГАН ГОРИ И ВОДАТА НЕ ГО ГАСИ? (*кандило*) .............................................................................25**

**СЕ СМОТАЛА, СЕ ЗАВИЛА, НА ПЛОТ СЕ ОБЕСИЛА? (*шиква*) ...................................................................................26**

**СИВ КОЊ ВРИСНА, СЕТО ПОЛЕ СТИСНА? (*вешер*).............27**

**СИ БЕА 10-МИНА БРАЌА БЛИЗНАЦИ, И СИТЕ СИ НОСЕА ПО ЕДНА БЕЛА ПЛОЧА НА ГЛАА? (*ӣрсши*)............................28**

**ОД ЕДНО ОГНИШТЕ ЦЕЛ СВЕТ СЕ ГРЕИТ? (*сонце*)..............29**

**ПО ПОЛЕ ОДИ И ОЛЕЛЕ ВИКА? (*ѕвонец*) .................................30**

**НИ ПРЕДЕНО НИ ТКАЕНО И ПАК Е ПЛАТНО КОПРИНЕНО? (*ӣајажинаша*) ........................................................31**

**БЕЛ ПЕС НА КЕРАМИДИ СЕ КАЧИЛ? (*снеӣ*)..........................32**

**БЕЛА ПОГАЧА НАД ГЕРАМИДИ ВИСИТ? (*месечина*)..........33**

**ЗАБИ НЕМА А ПАК КАСА (*зимаша*) ..........................................34**

**БЕЛА РАДА ПО РИД ПАСИ? (*маӣли*)..........................................35**

**ЕДНА КУЌА НА ЕДЕН ДИРЕК (*ӣечурка*) ..................................36**

**ДОЛГ ТОДОР БЕЗ КОСКИ? (*чадош*) ...........................................37**

**ДОЛГА МАРА СЕНКА НЕМА? ДОЛГА НЕДА СЕНКА НЕМА? (*река*)** ..... 38

**БЕСНА КУЧКА В ГОРА ЛАЕШЕ? (*секира*)** ..... 39

**ЦРНО МЕЧЕ НА ОГАН КЛЕЧЕ? (*кот̄лет̄о*)** ..... 40

**ДА Е ЧОЕК, НЕ Е ЧОЕК, А СО ЧОЕКА ТИ ЗБОРУВА? (*книѓа*)** ..... 41

**АКО СУМ МАЛА, АМА ЦЕЛО СЕЛО ОБЛЕЧУАМ? (*иѓла*)** ... 42

**ЅИД ЅИДОСАНО, ВАР ВАРОСАНО. НИГДЕ ДУПКА НИ ПРОЅИРКА? (*јајце – јајце, на јајце слични*)** ..... 43

**ДОМА НА КЛИН ВИСИТ, А ЗЛО ТИ МИСЛИТ? (*ӣушка*)** ..... 44

**ЕДНА ПЛОЧА ПОКРИВАТ ЦЕЛ СВЕТ? (*небо*)** ..... 45

**БЕЗЦЕН КАМЕН СЕДЕШЕ, ЧУДНА ПЕСНА ПЕЕШЕ? (*славеј*)** ..... 46

**БЕЛА НИВА ЦРНО СЕМЕ, СОС РАКА ГО СЕЈАТ, СОС УСТА ГО БЕРАТ? (*книѓа, ӣисмо*)** ..... 47

**КАЈ ОДИ, ОСТАЈ? (*ст̄ айки т̄раѓа*)** ..... 49

**ВРЗИ ГИ ОДАТ, ОДВРЗИ ГИ, НЕ ОДАТ? (*оӣинци*)** ..... 51

**ИМА НОС, НЕ МИРИСАТ; ИМА УСТА, НЕ ЗБОРУАТ; ИМА ОЧИ, НЕ ГЛЕА; ИМА РАЦЕ, НЕ ВАЌА? (*слика, икона*)** ..... 53

**ЦРВЕНА КОЗА НОЌЕ ОДИ, ДЕЊЕ ВО ДУПКА ЛЕЖИ? (*лисицат̄а*)** ..... 55

**КОЊСКА ПЛОЧА В' МОРЕ НЕ СЕ ДАВИТ? (*лист̄*)** ..... 56

**ЕДНА МАЈКА СО ДВАНАЈСЕТ ПОЈАСИ, ШЧО Е? (*бочва*)..57**

**БЕЛА КВАЧКА ДЕЊЕ ТЕРАТ ПИЛИЊА, ЦРНА КВАЧКА НОЌЕ И ЗБИРАТ? (*ден и ноќ*)........58**

**БЕЗ РАЛО, БЕЗ МОТИКА, САМО ОРАТ, САМО КОПАТ? (*крт̄*)........59**

**СТОЈКО ОДИ НО ПОЛЕ, СО ТРИСТА КОЛЈА НА РАМО? (*ежот̄*)........60**

**ЧЕКАНА ЧЕКАТ, БЕГАНА БЕГАТ, СКОКНА ЧЕКАНА, ЈА ФАТИ БЕГАНА? (*г̄лушец и мачка*)........61**

**СО НОЗЕТЕ В'БЛАТО, А СО ГЛААТА В'ЗЛАТО? (*класови*) 62**

**ШТО ИМАМ ЕДНА СЕСТРИЧКА, САМА РУЧЕК ПРАВЕ? (*т̄ава*)........64**

**СИН ВИР, ДНО НЕМАТ? (*небо*)........65**

**ДВЕ СЕСТРИ ИМАМ, СЕ ГЛЕДААТ, А ПОМЕЃУ СЕБЕ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ВИДАТ? (*очит̄е*)........66**

**ПАТ ОДЕ, ПАТ НЕ ПРАВИ? (*брод*)........67**

**СИ ИМАВ ЕДНО НЕШЧО, КОЈ ПОМИНВА, ГО БАЦВА И ЈАС ПОМИНАВ ГО БАЦИ, ШЧО Е? (*чешма*)........68**

**СИ ИМАВ ЕДНА ПЛЕВНА СО СЛАМА; СЛАМАТА ГОРИТ, ПЛЕВНАТА НЕ ГОРИТ? (*луле*)........70**

**РОГОЈ ИМАТ, ВОЛ НЕ Е; МЛЕКО ДАТ, КРАВА НЕ Е; БРАДА ИМАТ, ПОП НЕ Е? (*коза*)........71**

**СЕДУМ БРАЌА, ЛЕТЕ РАСТАТ, ЗИМЕ СЕ СМАЉВАТ? (*дена*)........73**

**ПОЛНА КУТИЈА ЦРВЕНИ МОНИСТРА? (*калинка*)............... 74**

**СИ ИМАВ ЕДЕН ЛОЖНИК, СВЕ ВЕКОВ ПОКРИВАШЕ, ДРИМ И РАДИКА НЕ МОЖЕШЕ? ШЧО ИМАШЕ ЕДЕН БЕЛ ПОКРИВ СЕ ПОКРИВА, САДЕ ВАРДАР НЕ ПОКРИВА? (*снеī*)........................................................................ 75**

**ДОЛГА НЕДА, СЕНКА НЕМАТ? (*река*)...................................... 76**

**ВОЈВОДАТА ВОДА ПИЈАТ, НАД НЕГО СЕ ЦРВЕН БАРЈАК ВИЈАТ? (*йетел*) .................................................................... 77**

**ЕДНО НЕШТО НОЌЕ ЛЕТАТ, НЕГДЕ ГОДЕ ЗА СВЕТВИТ? (*светулка*)................................................................................ 79**

**ЧЕТИРИ БРАЌА ТРЧАЕТ, НЕ МОЖЕТ ДА СЕ СТИГНЕТ? (*тркалата*) ............................................................................. 80**

**ВО ЧИЈА МРЕЖА НЕ СЕ ФАТИЛА НИТУ ЕДНА РИБА? (*пајак*)........................................................................................ 82**

**ЗОШТО ПЕТЕЛОТ МИЖИ КОГА ПЕЕ? (*напамет*) ................. 84**

**КОЈ ОДИ НАПРЕД САМО КОГА ГО УДИРААТ ПО ГЛАВАТА? (*клинец*)............................................................... 85**

**КОЈ СЕКОГАШ Е ВО ПИЖАМИ? (*зебра*)................................. 86**

**КОЈ СЛЕГУВА БЕЗ СКАЛИ? (*дождот*)..................................... 87**

**ЕЖЕ МЕЖЕ, ВО ДЕВЕТ КОРИ ЛЕЖЕ? (*кромид*) ..................... 88**

**БЕЛО КОЊЧЕ СКОКНАЛО, В'ЦРНО МОРЕ ПОТОНАЛО И НИКОЈ НЕ ГО ЖАЛИ? (*шеќер*) .................................................... 89**

**ПОЛНО ТРЛО БЕЛИ ОВЦИ (*заби*)............................................... 90**

**НИЕ ГО НОСИМЕ НАШИОТ ГОСПОДАР, ТОЈ НЕ НОСИ НАС? (*чевел*)** ........ **91**

**БЕЛА СЕ РАГА, ЗЕЛЕНА ИЗРАСТУВА, ЦРВЕНА ОСТАРУВА? (*цреши*)** ........ **92**

**ЦРНО МЕЧЕ ПО ШУМА СЕ ВЛЕЧЕ? (*чешел*)** ........ **93**

**КОЈ БЕЗ НОЗЕ СЕГДЕ ОДИ? (*сенка*)** ........ **94**

**ПОЛНО ШКОЛО ДЕЧИЊА, СО ЦРВЕНИ КАПЧИЊА? (*кибриш̄*)** ........ **95**

**СЕКОЈ ДЕН ОДАМ НАДВОР И СЕКОГАШ СУМ ВО КУЌАТА? (*ӣолжав*)** ........ **96**

**БЕЛИ БИСЕРИ НА ЗЕЛЕНИ АЛИШТА? (*роса*)** ........ **97**

**СИ СВИРКА УСТА НЕМА; ТРЧА НОЗЕ НЕМА; ДРВЈА ТРЕСЕ, РАЦЕ НЕМА? (*веш̄ер*)** ........ **98**

**ГЛАВАТА ВО ГОРАТА, ОПАШКАТА ВО МОРЕТО? (*река, Вардар*)** ........ **99**

**ЈАС ГО ТОВАРАМ, ТОА СЕ РАСТОВАРА? (*ќумбе, ӣечка*)** . **100**

**ЕДНА ВОДЕНИЦА СО ДВАНАЕСЕТ КАМЕЊА, ДЕЊЕ НОЌЕ МЕЛЕ, НИШТО НЕ СОМЕЛУВА? (*часовникош̄*)** ...... **101**

**ДЕЊЕ СЛУЖИ, НОЌЕ ЅВЕЗДИ БРОИ? (*бунар*)** ........ **103**

**ЦРВЕНО МАЛЕЧКО, КОГА ТЕ УДРИ, СО ВОДА НЕ МОЖЕШ ДА СЕ ИЗГАСНИШ?(*ӣиӣерка*)** ........ **105**

**КОЕ Е ТОА ЖИВОТНО, КОЕ НАУТРО ОДИ НА ЧЕТИРИ, НА ПЛАДНЕ НА ДВЕ, А НАВЕЧЕР НА ТРИ НОЗЕ? (*деш̄е, човек, дедо*)** ........ **107**

**ЈАЈЦА НОСИ, ПИЛЦИ НЕ ПИЛИ, А СЕПАК ПИЛЦИ ИМА? (*кукавица,кукавица, кукавичини јајца*)........................... 109**

**ЗУНЗАРА, ЗДОДЕВАРА - МЕДЕЦ ЛИЖЕ, СЛАТКО БАРА? (*мува*)........................................................................................ 111**

**ПРВИОТ ИСТУРА, ВТОРИОТ ПИЕ, ТРЕТИОТ РАСТЕ? (*облак, ливада, шрева*)................................................................. 113**

**НАПРЕД ОДИ, НАЗАД НЕ СЕ ВРАЌА? (*времешо*)............... 115**

**ЛЕТЕ КОЖУФ НОСАТ, ЗИМЕ ГОЛИ ОДАТ? (*дрво*)............. 116**

**ДВЕ МАЈКИ СО ПЕТ СИНА? (*раце, ӣрсши*)............................. 117**

**ПОКРАЈ РЕКА СТОИ И БРАНОВИ БРОИ? (*врба*)............... 118**

**ПОМАЛА Е ОД КУЧЕ, ПОГОЛЕМА ОД ДЕДО? (*шубара, шешир*)................................................................................... 119**

**ОД НАДВОР ЗЕЛЕНА, ОД ВНАТРЕ ЦРВЕНА? ПОЛНО УЧИЛИШТЕ СО УЧЕНИЦИ, НИГДЕ ВРАТА НЕМА? (*лубеница, семчињаша*)................................................................ 120**

**КВАЧКА СО ДВАНАЕСЕТ ПИЛИЊА? (*ӻодинаша, месеци, ӣролеш, лешо, есен, зима*)............................................................ 121**

**НИШТО НЕ ЗАГУБИЛА, А СТАЛНО БАРА? (*кокошка*)...... 123**

**ЗАКЛАНО, ОДРАНО, СО ПЕЕЊЕ ДОМА СЕ ВРАЌА? (*ӻајда, ӻајдаџија*)................................................................................... 124**

**ДО ПРАГОТ ДОАЃА, А ВО КУЌАТА НЕ ВЛЕГУВА? (*ӣаш*) 126**

**БРАТ И СЕСТРА ДЕН И НОЌ СЕ БРКААТ И НЕМОЖАТ ДА СЕ СТИГНАТ? (*сонце и месечина*)................................................ 127**

**БЕЗ ВОДА - МОРЕ, БЕЗ ДРВЈА - ШУМА, БЕЗ ТРЕВА - ПОЛЕ, БЕЗ КУЌИ - ГРАДОВИ, БЕЗ КОЛИ - ПАТИШТА, БЕЗ СТРАЖАРИ -ГРАНИЦА? (*карта*)............................................... 129**

Издавач:
**НОВИНСКО – ИЗДАВАЧКА И ПЕЧАТАРСКА ДЕЈНОСТ „КИТАНО“ Скопје**

**ГЦ Автокоманда, локал 51, тел: 02 / 3 171 – 387**

За издавачот:
**Мишо Китановски**

Корица и илустрации
**Наташа Костовска**

Техничка соработка
COPY center ТОНИ **(Иван Јовчевски)**

**Печати**
**ПРО –ДИЗАЈН АБС Скопје**